Во миговите на исчекување
Барај го Господ во дрвјата
И миризливите цветови што растат.
Барај го Господ во мирните извори
И малите реки што течат.
Моли го возвишениот преку нив
Да не признае нас Македонците
Да ја признае нашата Мајка Македонија,
А на подмолните непријатели
Да им даде ум и разум –
На туѓи гробови да не плачат,
Туку да си ја плачат својата судбина.

Во миговите на самосознавање
Барај го Господ во децата
И во нивната прекината игра.
Барај го Господ таму
Каде што луѓето клечат и молат,
Барај го Господ каде и да си,
Во секое време.
Помоли се и Тој ќе биде таму,зошто Тој не е далеку
И Светот ќе ја дознае вистината
За нашите траги од Минатото,
За нашите чекори во Сегашноста,
Што со кренати глави ќе не понесат
Во светла иднина.

**Од стихозбирката “Извор“, Матица Македонска , Скопје, 1996**

**Автор: Иванка Петровска, Мелбурн, Австралија**

